Бр. 12-2626/4
07-08-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), и членот 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од подносителот---------------------- на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 20-та седница одржана на 5 август 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот----------------------------- на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2626/1 од 08.05.2019 година, во која се укажува на сомневање за поседување фирми и удели во фирми во Р.Грција од министерот за ---------------------------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2626/1 од 08.05.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-2626/1 од 08.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2626/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносител- ---------------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за поседување фирми и удели во фирми во Р. Грција од министерот за -----------------------------.

При одлучување по предметот број 12-2626/1 од 08.05.2019 година оформен по пријава поднесена од подносителот----------------------------, во која се укажува на сомневање за поседување фирми и удели во фирми во Р.Грција од министерот за ----------------------------------------, беа преземени следниве процесни дејствија:


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

- Увид во Прегледот на регистрирани податоци во матичната евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија – Стручна служба – Филијала-Скопје за лицето -----------,
- Дадена Изјава од лицето ----------------------, на ден 10.05.2019 година, заведена во ДКСК под бр. 12-2626/3 од 10.05.2019 година
- Увид во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од спроведената постапка и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата ја утврди фактичката состојба во врска со наводите содржани во пријавата и констатираше дека не се потврдени наводите содржани во пријавата и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), и членот 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Одлучено на ден 05.08.2019 година по број 12-2626/4

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**